# ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ПОЧЕТОК НА ПРОЦЕСОТ ЗА ПОДГОТОВКА НА ПРЕДЛОГ ЗАКОН

| | |
|---|---|
| Назив на министерството | Министерство за правда |
| Назив на предлог законот | Нацрт на Закон за нотаријатот |
| Краток опис на проблемот | Имплементацијата на Законот за нотаријатот покажа дека одредени одредби од законот предизвикуваат различно толкување кај нотарите и оставаат можност за различно примена при вршењето на нотарската служба. Воедно, постојниот Законот за нотаријатот не ги уредува сите работи кои се однесуваат како на функционирањето на нотарската служба така и на постапувањето на нотарите при вршењето на нотарската служба, односно се применуваат одредби од друг закон како на пример постапувањето на нотарите по предлозите за донесување на решенија за извршување врз основа на веродостојни исправи кое што е уредено со друг закон, а не со Законот за нотаријатот. Законот за нотаријатот не ги следи во чекор и современите текови и придобивки од областа на електронската комуникација, кои што се применливи во работењето на нотарите. |

| | | |
|---|---|---|
| Цел на предлог законот | Нацрт на Законот за нотаријатот има за цел прецизирање на досегашните одредби од постојниот закон, номотехничко и содржинско преуредување на структурата на законот, воведување на нотарскиот платен налог, воведување на електронски потпис и можноста за составување и издавање на електронска нотарска исправа, воведување на нотарски испит кој ќе се спроведува по електронски пат, електронско водење на уписниците на нотарите, како и допрецизирање на одредбите кои доведуваа до различна примена од нотарите при вршењето на нотарската служба. | |
| Временската рамка за изготвување на предлог законот | Октомври 2013 година | |
| Начин на вклучување на засегнатите страни | Вклучување на претставници на Нотарска Комора на РМ во работната група која работеше на изготвувањето на Нацртот на Законот за нотаријат | |
| Најава за јавен увид и јавна расправа | | **Не** |
| Електронска адреса каде засегнатите страни ќе можат да ја преземат електронската верзија на предлогот на закон и нацрт Извештајот за ПВР | www.ener.gov.mk<br>www.pravda.gov.mk | |
| Адреса и/или електронска адреса каде ќе можат да се доставаат мислењата, забелешките и сугестиите | ул,,Јуриј Гагарин" бр.15, Скопје<br>sector.nim@mjustice.gov.mk | |
| Одговорно лице за контакт во министерството | Владимир Јанковски – Помошник на раководител на Сектор | |
| Други информации | | |